**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски" бр.1* 2210 Пробиштип
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
*www.probistip.gov.mk* *info@probistip.gov.mk*
***Одделение за урбанизам***

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
**Бр. 08– 710/1 од 31.08.2020 год.**
Пробиштип

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.Весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и бр.168/18 год.) и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Пробиштип за 2020 година со Одлука Број 26-1080/21 од 25.11.2019 год., објавена во „Сл.Гласник" на Општина Пробиштип Бр.30/2019 год., донесена од страна на Советот на Општина Пробиштип, Градоначалникот на Општина Пробиштип ја донесе следната

# О Д Л У К А
## За спроведување на Јавна презентација и јавна анкета по Предлог - Детален урбанистички план за Урбан Блок 19, Урбан опфат 19.2, КО Пробиштип, Општина Пробиштип

### Член 1

Со оваа Одлука се организира Јавна презентација и јавна анкета по **Конечен Предлог - Детален урбанистички план за Урбан Блок 19, Урбан опфат 19.2, КО Пробиштип, Општина Пробиштип**, со Тех.Број 06/2018 од април 2020, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА" Скопје.

### Член 2

Границата на конкретниот плански опфат е дефинирана со оските на следните сообраќајници:

- На **запад** границата се движи по осовината на планираната собирна улица „1";
- На **север** се движи по осовината на планираната собирна улица „2";
- На **исток** се движи по осовината на каналот;
- На **југ** се движи по осовината на планираната магистрална улица или постоечката ул. „Миро Барага", КО Пробиштип, Општина Пробиштип, сè до почетната точка.

Локалитетот се наоѓа на северозападниот дел на Град Пробиштип. Подрачјето на предметниот локалитет е опфатен со Генералниот урбанистички план на Град Пробиштип од 1997 година и новата поделба на блокови на ГУП на Град Пробиштип од 2008 година.
Согласно новата поделба на блокови на Генералниот урбанистички план, предметниот Детален урбанистички план го опфаќа блокот 19.2.
Во рамките на планскиот опфат планирани се 70 градежни парцели .

**Вкупната површина на планскиот опфат во рамките на опишаните граници изнесува П=7,03 ха**.

**Член 3**

Соопштението за организирање на Јавна презентација и јавна анкета ќе биде објавено во јавните гласила „Нова Македонија “ и „ Вечер“.

**Член 4**

Јавната презентација и јавна анкета со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден **17.09.2020 год.** (четврток) со почеток во **12.00** часот во салата на Советот на Општина Пробиштип, во Домот на културата во Пробиштип.

**Член 5**

Согласно Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена за Законот за просторно и урбанистичко планирање за време на вонредна состојба со Бр.44-3704/1 од 5 мај 2020год., донесена на седницата одржана на 5 мај 2020година, од страна на Владата на Република Северна Македонија, објавена во „Сл.Весник на РСМ" бр.116/20 год., а врз основа на Член 2-б, органот надлежен за организирање на Јавната презентација и јавна анкета е должен да обезбеди редарска служба при влезот и излезот во просториите во кои се одржува јавната презентација и јавна анкета за урбанистичкиот план, за да се запази минимум потребното растојание помеѓу лицата пред и внатре во објектот, да обезбеди спроведување на задолжителна дезинфекција на раце при влез во објектот и задолжително носење на заштитна маска, марама или шал со кои ќе бидат покриени устата и носот на учесниците во јавната презентација и јавна анкета.
Органот т.е. општината надлежна за спроведување на јавната презентација и јавна анкета за урбанистичкиот план е должна да постави соодветни ознаки со кои се обележува правецот на движење и запазување на минимум потребното растојание при чекање ред на учесниците во јавната презентација и јавна анкета.
Ознаките од став 2 на овој член се поставуваат на растојание од најмалку два метри, како и пред влезот на објектот.
Општината е должна пред и после одржувањето на јавната презентација и јавна анкета да изврши превентивна дезинфекција во објектите и просториите каде се одржува јавната презентација и јавна анкета.

**Член 6**

Јавната анкета ќе трае **10** (десет) **работни дена** и во електронска и во писмена форма, секој работен ден од **7.30** до **15.30** часот во просториите на Одделението за Урбанизам при општина Пробиштип, во периодот од **14.09.2020 год.** до **25.09.2020 год.**, во кој период заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат забелешки, предлози и мислења на **анкетни листови** во писмена и

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски" бр.1* 2210 Пробиштип
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
*www.probistip.gov.mk* *info@probistip.gov.mk*
***Одделение за урбанизам***

електронска форма, кои можат да ги подигнат од Општинскиот услужен центар (шалтерот) во зградата на кино салата, и од ***web*** страната на Општина Пробиштип, или во електронска форма преку информацискиот систем ***e-urbanizam.***

**Член 7**

Графичкиот прилог од **Предлог - Деталниот урбанистички план за Урбан Блок 19, Урбан опфат 19.2, КО Пробиштип, Општина Пробиштип**, со Соопштението за организирање на јавна презентација и јавна анкета ке биде изложен на огласна табла пред влезот на Општинскиот услужен центар (шалтерот) во зградата на кино салата и на ***web*** страната на општината: ***www.probistip.gov.mk.***

**Член 8**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Изготвил: Ј.Дукоска диа
Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska
DN: c=MK, o=Makedonski Telekom, cn=Makedonski Telekom CA, ou=OPShTINA PROBIShTIP Probishtip:4022005104678, serialNumber=CRT3550993, cn=Jordanka Dukoska
Date: 2020.09.02 14:00:02 +02'00'

Одобрил: Б.Станојковски дги
Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski
Date: 2020.09.03 08:14:17 +02'00'

**м.п.**

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
**Градоначалник**
Драган Анастасов
Makedonski Telekom CA, Dragan Anastasov
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Dragan Anastasov
Date: 2020.09.03 08:55:32 +02'00'